Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН
# ЗА РАБОТА ЗА 2020 ГОДИНА

2021

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2020 ГОДИНА

## 1. ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа беше креиран согласно Методологијата за стратешко планирање, Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година како и Упатсвото за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот и Годишниот план за работа, за период од една година, во кој се операционализирани мерките и активностите содржани во програмите и потпрограмите на Стретшкиот план.

Министерството за економија во 2020 година ги реализираше следниве вертикални и хоризонтални програми со мерки и активности кои се во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите и целите на Министерството за економија содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2020 година: развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните и Република Северна Македонија – членка на НАТО и Европската Унија.

Во Годишниот план за работа на Министерството за економија креирани се следниве стратешки програми и потпрограми:

### I. ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА

- Поддршка и развој на мали и средни претпријатија(МСП)
- Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија и инвестициска политика
- Поддршка и развој на туризмот и угосттителтвото

### II. ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ

- Развој на енергетиката
- Одржливо искористување на минерални суровини

### III. КРЕИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

- Заштита на потрошувачи и безбедност на производите
- Безбедност на возила

## IV. КРЕИРАЊЕ НА ЕФЕКТИВНА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

- Надворешна трговска политика согласно правилата и обврските на Република Северна Македонија дефинирани со Протоколот за пристапување на РСМ во СТО и Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ
- Поинтензивна регионална трговска соработка- повеќегодишен акциски план на Регионална економска област (МАП РЕА)
- Поинтензивна билатерална трговска соработка
- Спроведување на надворешно трговскиот режим

## 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

### *2.1. Оценка на постигнати резултати од спроведувањето на програмите и потпрограмите*

1. **ПРОГРАМАТА ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА**

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2020 година: развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните, Успешно водење на пристапни преговори со ЕУ, односно приоретната цел: поддршка на домашните претпријатија, пред сѐ на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата; создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, социјалните партнери, заштита на работничките права, недискриминација, зголемена ефикасност, транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава; Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија,унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност. |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | **Поволно деловно окружување:**<br>Поддршка на домашните претпријатија, пред сѐ на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места со активни мерки за вработување и зголемување на нивото на платите во економијата<br>Зголемување и подобрување на можноста за раст на мали и средни претпријатија(МСП)<br>Динамичен екосистем на претприемништво и иновации |

| | |
|---|---|
| | Конкурентни МСП како двигатели на инклузивниот економски раст<br><br>Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија<br><br>Зајакнат меѓуинститиционален дијалог во функција на креирањето на политиките, мерките и активностите за индустриската политика<br><br>Унапредување на капацитетот и конкурентноста на кластерите и нивните членки, нивно меѓународно поврзување, унапредување на знаењата базирани на високи технологии, истражување и развој, извозно ориентирани стратегии и модел базиран на индустријализација. Зголемување на економскиот раст и конкурентноста на индустријата на трајна основа<br><br>Унапредување на концептот и практиките за општествена одговорностРазвој на туризмот и угосттителтвото во Република Северна Македонија<br><br>Подобрување на конкурентноста на туристичката понуда во земјата преку креирање на поволна бизнис клима и зголемена валоризација на културните и природните богатства<br><br>Зголемување на бројот на домашни и странски туристи, раст на приходите од туризмот, со крајна цел зголемено учество на туризмот во вкупниот БДП на земјата<br><br>Зголемување на туристичката понуда и градење на препознатлив туристички имиџ со воведување на светски стандарди во туристичко-угостителските услуги<br><br>Унапредување на меѓународната туристичка соработка<br><br>Поддршка на туристичките дестинации надвор од туристичка сезона<br><br>Конкурентна бизнис клима за раст на бројот на мали и средни претпријатија и нови работни места од обласа на туризмот и угостителството<br><br>Натамошен развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален |

| | | |
|---|---|---|
| | економски развој. | |
| **Назив на програмата:**<br><br>ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА<br><br>**Потпрограми:**<br><br>**Поддршка и развој на мали и средни претпријатија(МСП)**<br><br>**Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија и инвестициска политика**<br><br>**Поддршка и развој на туризмот и угосттителтвото** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br><br>Обезбедување на економски развој и раст на македонското стопанство, зголемување на вработеноста преку создавање поттикнувачка клима за отворање на нови и јакнење на постојните микро, мали и средни претпријатија, како и имплементација на интегрирана индустриска политика која води кон раст, развој и иновации, конкурентна бизнис клима за раст на бројот на мали и средни претпријатија и нови работни места од областа на туризмот и угостителството. | **Одговорен:**<br><br>Сектор за претприемништво и конкурентност на мали и средни предпријатија(МСП)<br><br>Сектор за индустриска и инвестициска политика<br><br>Сектор за туризам и угостителство |

**СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ**

**Потпрограма 1: ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

| Мерка/активност | Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво | Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата | Коментар |
|---|---|---|---|
| **1.Мерки за развој и поддршка на претприемништвото и ММСП** | | Согласно Измените на Програмата КИП 2020 од месец јуни („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/20) средствата за реализација на предвидените мерки од област А. Поддршка и развој на микро, мали и средни | Намалување/прераспределба на претходно доделените буџетски средства за реализација на предвидените мерки Програмата за конкурентност, иновации и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | претпријатија и занаетчиство, од Програмата, беа намалени од 34.740.000,00 денари на 22.040.000,00 денари. Поради намалување на претходно доделените средства голем дел од првично предвидените мерки со програмата не се реализираа односно со измените на програмата беа избришани следните подмерки: 1.2, 1.3, 1.5, 2.1, 2.2, 2.3, 4.1, 4.2 и 5. | претприемништво за 2020 година |
| 1.1.Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија | - Број на поддржани МСП, ( 46 субвенционирани претпријатија ) | Пристигнаа 85 апликации, одобрени беа 55 апликации за кои беа исплатени средства во вкупна вредност од 14.000.000 денари. | |
| 1.2. Финансиска поддршка за подобрување на вредносните синџири | -Број на поддржани претпријатија за подобрување на вредносни синџири (7 субвенционирани претпријатија) | Со измените на Програмата оваа активност беше избришана и истата НЕ СЕ РЕАЛИЗИРА. | |
| 1.3.Кофинансирање на фаб-лабови | -Број на поддржани претпријатија за воспоставување на фаб-лабови (1-2 кофинансирани претпријатија) | Со измените на Програмата оваа активност беше избришана и истата НЕ СЕ РЕАЛИЗИРА. | |
| 1.4.Финансиска поддршка за женско претприемништво | -Број на поддржани МСП управувани од жени (12 субвенционирани претпријатија) | Пристигнаа 23 апликации, одобрени беа 11 апликации за кои беа исплатени средства во вкупна вредност од 1.068.206 денари. | |
| 1.5.Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на ММСП и промоција на претприемништвото во Република Северна Македонија | Број на поддржани проекти за развој и поддршка на МСП и претприемништвото (10 кофинансирани проекти) | Со измените на Програмата оваа активност беше избришана и истата НЕ СЕ РЕАЛИЗИРА. | |
| **2.Мерки за развој и поддршка на** | | НЕ СЕ РЕАЛИЗИРА<br><br>Согласно Измените на Програмата КИП 2020 од | Намалување/прераспределба на претходно доделените буџетски |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **интернационализацијата на ММСП** | | месец јуни („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/20) средствата за реализација на предвидените мерки од област А. Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство, од Програмата, беа намалени од 34.740.000,00 денари на 22.040.000,00 денари. Поради намалување на претходно доделените средства голем дел од првично предвидените мерки со програмата не се реализираа односно со измените на програмата овие мерки беа избришани т.е. беа избришани следните подмерки: 2.1, 2.2 и 2.3. | средства за реализација на предвидените мерки Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година |
| **3.Мерки за развој и поддршка на занаетчиството** | | | |
| 3.1. Кофинансирање на проекти на занаетчиските комори за развој и промоција на занаетчиството во Република Северна Македонија | -Број на поддржани проекти на занаетчиски комори<br>( 7 кофинансирани проекти) | Пристигнаа 7 апликации/ проекти, одобрени беа 4 апликации/проекти за кои беа исплатени средства во вкупна вредност од 707.910 денари. | |
| 3.2.Субвенционирање на трошоци за ангажирање на чираци | -Број на ангажирање на чираци од вршители на занаетчиска дејност<br>(10 ангажирани чираци ) | Пристигнаа 2 апликации, одобрени беа 1 апликација за која беа исплатени средства во вкупна вредност од 12. 938 денари | |
| 3.3.Субвенционирање на трошоци на занаетчии | Број на поддржани занаетчии (25 субвенционирани занаетчии) | Пристигнаа 49 апликации, одобрени беа 43 апликации за кои беа исплатени средства во вкупна вредност од 4.475.745 денари. | |
| 3.4 Кофинансирање на | Број на кофинансирани занаетчии и вршители на | Пристигнаа 234 апликации, одобрени беа 225 апликации за кои беа исплатени средства во | Врз основа на Уредбата со законска сила за изменување и дополнување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| трошоци за занаетчии за набавка на алати и репроматеријали во вкупен износ | занаетчиска дејност<br>( 340 субвенционирани занаетчии) | вкупна вредност од 8.873.019 денари. | на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 126/20) , 20.000.000 (дваесет милиони) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, П1 КОВИД Програма, беа наменети за поддршка на занаетчиите за полесно справување со последиците од Ковид 19. |
| 4.**Мерки за поддршка за**<br><br>**стручно оспособување на вработените во ММСП** | | НЕ СЕ РЕАЛИЗИРАА<br><br>Согласно Измените на Програмата КИП 2020 од месец јуни („Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр. 153/20) средствата за реализација на предвидените мерки од област А. Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство, од Програмата, беа намалени од 34.740.000,00 денари на 22.040.000,00 денари. Поради намалување на претходно доделените средства голем дел од првично предвидените мерки со програмата не се реализираа односно со измените на програмата беа избришани следните подмерки:, 4.1 и 4.2. | Намалување/прераспределба на претходно доделените буџетски средства за реализација на предвидените мерки Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2020 година |
| **5. Студија за предлог-одржлив модел за услуги за деловен развој за ММСП** | | Согласно Измените на Програмата КИП 2020 од месец јуни („Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр. 153/20) средствата за реализација на предвидените мерки од област А. Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство, од Програмата, | Намалување/прераспределба на претходно доделените буџетски средства за реализација на предвидените мерки Програмата за конкурентност, иновации и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | беа намалени од 34.740.000,00 денари на 22.040.000,00 денари. Поради намалување на претходно доделените средства голем дел од првично предвидените мерки со програмата не се реализираа односно со измените на програмата оваа мерка беше избришана. | претприемништво за 2020 година |
| **Потпрограма 2: РАЗВОЈ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКАТА ИНДУСТРИЈА И ИНВЕСТИЦИСКА ПОЛИТИКА** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **1. Имплементација на Индустриската стратегија на РСМ 2018-2027** | Реализација на стратешкиот документ. | Се реализира преку Акциски план и годишна Програма за конкурентност, иновации и претприемништво. Доставена Информација на Влада за реализација на стретшкиот документ. Информацијата е усвоена на 2.2.2021 на 43та седница на Влада. | |
| **2. Имплементација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво, дел Б, Имплементација на индустриска политика** | Реализација на мерките од Програмата КИП наменети за поддршка на преработувачката индустрија<br>Реализација на мерка за кофинансирање на обуки во преработувачката индустрија | Мерката е реализирана. Поддржани се 17 компании од преработувачката индустрија.<br>Средствата се пренаменети, мерката не е реализирана. | |
| **3. Имплементација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво дел В,** | Реализација на мерките од Програмата КИП наменети за поддршка на кластерските здруженија | Мерката не е реализирана. Средствата се пренаменти кон поприоритетни проекти и поддршка во период на Корона. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поддршка на кластерското здружување** | | | |
| **4. Организирање и спроведување на постапка за доделување на Национална награда за најдобри општествено одговорни практики на македонските претпријатија** | Зголемен број компании кои конкурираат за годишната Национална Награда за ОО<br><br>Подобрени односи на претпријатијата со потрошувачите, добавувачите и купувачите<br><br>Поголема вклученост на претпријатијата во грижата кон општеството и животната средина<br><br>Организирањето и одржувањето на Националната Награда за ОО<br><br>Развој на концептот и практиките на општествена одговорност во Р Северна Македонија | Базата на податоци за Наградата која ја има Одделението за општествена одговорност и градење партнерства<br><br>Мерката не е реализирана. со оглед на актуелната состојба поврзана со пандемијата со корона вирусот и воспоставените протоколи. Средствата се пренаменти кон поприоритетни проекти и поддршка во период на Корона | |
| 5. **Развивање на капацитети за општествена одговорност** | Број на организирани и учество на обуки, работилници и семинари за различни области на општествена одговорност | МЕ и организатори на настани<br><br>Мерката не е реализирана. Средствата се пренаменти кон поприоритетни проекти и поддршка во период на Корона | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Организирање и учество на обуки, работилници и семинари за различни области на општествена одговорност<br><br>Развој на концептот и практиките на општествена одговорност во Р Северна Македонија | | |
| 6. **Реализација на мерките и препораките од Среднорочна стратегија за ОО на РСМ и Акциски план за 2019-2023 година** | Усвоена Среднорочна Стратегија за ОО на РМ 2019-2023 со Акциски план, од ВРМ<br><br>Број на реализирани мерки и активности од Акцискиот План<br><br>Министерсвото за економија како носител на националната политика за општествена одговорност, координира активности за донесување и имплементација на Среднорочна Стратегија за општествена одговорност на | Податоци добиени од надлежни институции за реализација на мерките и препораките од Среднорочна стратегија за ОО<br><br>Мерката е реализирана во континуитет согласно Акцискиот план – реализирани се координативни активности за добивање информации од надлежните институции за реализација на мерките и активностите од Акцискиот план,. реализирани се континуирани консултации и соработка со Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | РСМ 2019-2023<br><br>Развој на концептот и практиките на општествена одговорност во Р Северна Македонија | | |
| 7. **Поддршка за развивање, одржување и примена на социјално прифатливи практики на деловните субјекти, Имплементација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво, дел Г. Општествена одговорност.** | Број на деловни субјекти на кои им се надоместуваат дел од трошоците за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики<br><br>Реализација на мерките од Програмата КИП наменети за надоместување на дел од трошоците на деловни субјекти за Стандардот SA 8000/извештајот од ревизија според : BSCI/SMETA/FAIR WEAR кои обезбедуваат етичко управување при производство на стоки и услуги и бараат да се гарантираат основните права на работниците; и воведување и сертификација на систем за одговорни односи на пазарот преку сертификатот Фер со потрошувачот.<br><br>Развој на концептот и практиките на општествена | Базата на податоци на Одделението за општествена одговорност и градење партнерства<br><br>Мерката е реализирана. МЕ додели средства на 5компании како надомест на дел од трошоците за поддршка за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики.Одобрени се средства на 3 баратели согласно стандардот SA 8000/ извештајот: BSCI/SMETA/FAIR WEAR, и на 2 баратели согласно сертификатот „Фер со потрошувачот“ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | одговорност во Р Северна Македонија | | |
| **Потпрограма 3: ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И УГОСТТИТЕЛТВОТО** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **1. Програма за развој на туризмот за 2020 година** | | Донесена е измена на програмата со која средствата од Програмата за развој на туризмот за 2020 година се пренаменуваат за мерки за ревитализирање на економијата во услови на COVID-19 заради што не се реализирани предвидените мерки и активности | |
| **2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на туризмот за 2020 година (Сл.весник бр. 269 од 10.11.2020 година)** | | Со измената се воведени нови мерки за поддршка на туризмот со доделување на грантови на субјекти и тоа:<br>- Враќање на уплатената такса за привремен престој за 2019 година на сите категоризирани угостителски објекти<br>- Грантови за лиценцирани туристички агенции<br>- Грантови за лиценцирани туристички водичи | |
| **3. Програма за поддршка на угостителскиот сектор во Република Северна Македонија (Сл.весник бр. 269 од 10.11.2020 година)** | | Со оваа програма се уредува намената на средствата за поддршка на правните лица од угостителскиот сектор опфатени со четвртиот сет економски мерки за ревитализирање на економијата во услови на COVID-19.<br>-Грантови за ресторани<br>-Грантови за игротеки | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4. Програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи** | | Со уредба со законска сила, се уредуваат условите, начинот и постапката на издавање и користење на ваучери за поттикнување на домашниот туризам во услови на намалена економска активност заради здравствено-економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19, финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија преку Програмата на Министерството за економија П1-Мерки за справување со COVID-19 кризата.<br><br>Со оваа уредба на 117.351 лица им беше доделен Ваучер во вредност од 6.000 денари за користење во угостителски објекти во РСМ. | |

## 2 .ПРОГРАМАТА ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ БОГАТСТВА

| | |
|---|---|
| Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:<br><br>Поврзаност со приоритетите и целите на органот на | **Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2020 година: развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните, односно приоретната цел:обезбедување енергетска сигурност и стабилност; зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија, либерализација на пазарот на електрична енергија и растна инвестициите во енергетскиот сектор, интегрирање на пазарите на електрилна енергија со земјит**<br><br>**регионот и земјите членки на Еврипската Унија, Планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на** |

| | | |
|---|---|---|
| **државната управа:** | **институционалните капацитети.**<br><br>**Планирање и одржливо искористување на природните богатства**<br><br>**Зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина;**<br><br>**Обезбедување енергетска сигурност и стабилност;**<br><br>**Либерализација на пазарот на електрична енергија и раст на инвестициите во енергетскиот сектор;**<br><br>**Зголемување на користењето на природниот гас и искористување на сончевата енергија во домаќинствата;**<br><br>**Истражување, екплоатација и одржливо искористување на минералните суровини.**<br><br>**Интегрирање на пазарите на електрична енергија со земјите од регионот и земјите членки на Европскта Унија;**<br><br>**Планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети,**<br><br>**Унапредување на правната рамка од областа на минералните суровини.** | |
| **Назив на програмата:**<br><br>ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ БОГАТСТВА | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br><br>Создавање на услови за стабилно и одржливо обезбедување со енергија, либерализација на енергетскиот пазар, раст на инвестициите во енергетскиот сектор, подобрување на енергетската ефикасност и | **Одговорен:**<br><br>Се наведува називот на организациската единица или лицето кое е одговорно за следење, прибирање на податоци и известување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | поголемо вклучување на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка како и потикнување на геолошките и проспекциските истражувања на одредени простори за утврдување на минералните и неминерални природни ресурси и нивно искористување. | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Потпрограма 1: РАЗВОЈ НА ЕНЕРГЕТИКАТА** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **1.Подготвување на законска и подзаконска документација, како и развојна документација** | Усвоена Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година<br>Усвоен Закон за енергетска ефикасност<br>Изготвен нацрт Четврти акционен план за Енергетска ефикасност<br>Изготвен Закон за биогорива<br>Подготовка на Национален план за енергија и клима | Стратегијата за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година ги дава можните правци на развојот на енергетиката во Северна Македонија земајќи ги предвид движењата на енергетските политики во светски и европски рамки и особено во рамките на Енергетската заедница. Енергетските трендови ја нагласуваат поамбициозната транзиција кон нискојаглеродна економија, при што, обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност (ЕЕ) се меѓу најважните фактори што ја овозможуваат транзицијата. Стратегијата ги следи добрите практики на политиките на ЕУ за ОИЕ и ЕЕ, како и декарбонизацијата, земајќи ги предвид целите и траекториите со реална динамика што се | Се наведат евентуалните ризици кои влијаеле врз постигнување на резултатот<br><br>Обезбедување на техничка помош за изработка на наведените документи<br><br>Потреба од зајакнување на капацитетите на Секторот за енергетика<br><br>КОВИД-19 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | приспособени на домашните специфики и приоритети на Владата на Република Северна Македонија.<br><br>Со Законот за енергетска ефикасност се предвидува: Максимизарање на политиките и мерки за енергетска ефикасност во секторите згради, јавен, индустрија, транспорт, греење и ладење, трансформација, пренос, дистрибуција и одговор на побарувачката на енергија, Усвојување на уредба за нивото на амбиција на националните цели за ЕЕ за 2030 година, Изразување на целите за енергетска ефикасност во однос на заштедите на примарна енергија.Намалувањето на потрошувачката на јаглен како и подобрувањето на ЕЕ при производство на енергија придонесуваат за најголема заштеда на примарна енергија, Континуирано намалување на загубите во дистрибутивната мрежа, Подобрување на ефикасноста на системите за централно греење, Следење на планираните мерки за ЕЕ.<br><br>Целта на Четвртиот план за Енергетска ефикасност е да известува за мерките што биле спроведени во претходните три години, но и да предложи мерки за намалување на потрошувачката во периодот од следните три години.<br><br>Нацрт Законот за биогорива во транспортот е изготвен врз основа Директивата на ЕУ 2009/28 за промоција на користењето на енергија од обновливи извори на енергија. Со оваа директива се воспоставуваат основите на пазарот за биогорива во ЕУ и се определуваат клучните параметри и мерки со кои ќе се стимулира користењето на биогоривата и ќе се намали | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | испуштањето на стакленички гасови.<br><br>Интегрираниот национален план за енергија и клима на Северна Македонија ги разработува сите пет димензии на Енергетската унија, односно декарбонизацијата (адресирање на два сегмента: емисии на стакленички гасови и обновливи извори на енергија), енергетска ефикасност, безбедност на снабдување со енергија, внатрешен пазар на енергија и истражување, иновации и конкурентност. | |
| 2. **Спроведување на тендерски постапки за реализација на мерките за зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија, заштита на животната средина и зголемување на енергетската ефикасност** | Во 2019 година беа спроведени две тендерски постапки за доделување на право на користење на премија за изградба на фотонапонски електро централи, на приватно и на државно земјиште. Во 2020 година беа склучени 35 Договори за инсталиран капацитет од 60 MW. | Во 2020 година беа склучени 35 Договори за инсталиран капацитет од 60 MW, а со комерцијална работа започнаа 3 електрани со вкупен инсталиран капацитет од 1800 kW | Усогласување на постапката за долготраен закуп на земјиште за централите кои ќе се градат на државно земјиште |
| 3. **Подобрување на енергетската ефикасност и поголемо вклучување на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка преку доделување на субвенции** | Усвоена Програма за промоција за обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2020 година | Објавен Јавен оглас за надоместување на дел од трошоците за купени печки на пелети во домаќинствата за 2020 година (субвенционирани 454 домаќинства) | Другите мерки од програмата не беа реализирани од причина што средствата за оваа немена беа пренаменети за справување со последиците од КОВИД-19 |
| 4. **Зајакнување на административни** | Согласно обемот на работа Секторот за енергетика во | Во 2020 година беше реализирано едно ново вработување во Секторот за енергетика (помлад | Потреба од финансиски средства за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **капацитети на секторот за енергетика при Министерството за економија** | новата систематизација на Министерството за економија предложи формирање на пет одделенија наместо 3 и зајакнување на административните капацитети. | соработник за енергетска ефикасност) | реализација на нови вработувања |
| | | | |
| **Потпрограма 2: ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **1.Објава на јавни повици за доделување на концесии за детални геолошки истражувања, проспекциски геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини .** | Донесување на Одлуки за започнување на постапки за доделување на концесии | Објавени два јавни повика за доделување на концесии за ДГИ и склучени договори за две концесии за ДГИ | Здравствено-економска криза |
| **2.Одржување на системот Е-концесии за доделување на концесии со електронска аукција** | Утврдување на Јавната набавка во Годишен план за јавни набаки | Спроведена Јавна набавка за одржување на системот Е-концесии<br><br>Склучен договор за одржување на системот Е-концесии | Здравствено-економска криза |
| **3.Одржување на ГИС софтверските пакети** | Утврдување на Јавната набавка во Годишен план за јавни набаки | Спроведена Јавна набавка за одржување на ГИС софтверски пакети<br><br>Склучен договор за одржување на ГИС | Здравствено-економска криза |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | софтверски пакети | |

3. КРЕИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:**<br><br>**Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2020 година: развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните и Република Северна Македонија членка на Нато и ЕУ, приоритетна цел: Унапредување на заштитата на потрошувачите и Ефикасно спроведување на правото во областа на заштита на потрошувачите.<br><br>**Креирање на единствен пазар–внатрешен пазар на Република Северна Македонија усогласено со целокупното законодавство на ЕУ во насока на слободно движење на стоки и транспонирање на техничките регулативи и стандарди за покункуретно стопанство.**<br><br>Унапредување на заштитата на потрошувачите со натамошна хармонизација на Законот за заштита на потрошувачите;<br><br>Ефикасно спроведување на правото во делот на заштита на потрошувачите;<br><br>Постигнување на поголема едуцираност на потрошувачите за остварување на нивните права, запознавање на трговците со правата и обврските и начинот на заштита на економските интереси – односно развивање на конкуретноста на економските оператори.<br><br>Зголемување на довербата на потрошувачите према трговците на стоки и услуги;<br><br>Правна заштита на потрошувачите при склучување на договори за |

<table>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="3">потрошувачки кредити како потрошувач<br><br>Усогласување на националното техничко законодавство од областа на возилата со техничкото законодавство за возилата на ЕУ за регулирање на внатрешниот пазар, согласно ЕУ регулативата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Назив на програмата:<br><br>КРЕИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ВНАТРЕШЕН ПАЗАР</td><td colspan="2">Цел на програмата/потпрограмата:<br><br>Исполнување на преземените обврски на Република Северна Македонија од областа на слободното движење на стоки и заштита на потрошувачите содржани во Поглавјето VI и VIII од Спогодбата за стабилизација и асоцијација кои се однесуваат на спроведување на техничките регулативи на ЕУ за регулирање на внатрешниот пазар, со цел воспоставување на систем за општа безбедност на техничките производи и возилата, како и заштитата на потрошувачите.</td><td>Одговорен:<br><br>Сектор за внатрешен пазар</td></tr>
<tr><td colspan="5" align="center">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td colspan="5">Потпрограма 1: ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ И БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ</td></tr>
<tr><td>Мерка/активност</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво</td><td colspan="2">Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td>1.Нов закон за заштита на</td><td>Изготвен – Предлог закон за</td><td colspan="2">Доставен на мислење до СЗ и други институции</td><td>Избори во 2020 година</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| **потрошувачите** | заштита на потрошувачите | Предлог законот за заштита на потрошувачите до Европска Комисија | |
| **2.Имплементација на Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2019-2020 година, согласно Законот за заштита на потрошувачите** | Реализирано | Реализирана за 2020 година ,<br><br>Испратен извештај на ВРСм за реализиранте активности и истиот донесен како извештај<br><br>од Нацрт - Записник од 64 седница на ВРСМ на 06.април 2021 година | Нема |
| **3.Нов Законот за општа безбедност на производите** | Донесен | Објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 302/20 година. | Нема |
| **4.Нов закон за техничките барања на производите и оцена на сообразност** | Изготвен – Предлог закон за технички барања на производите и оцена на сообразност | Доставен на мислење до СЗ и други институции и до Европска Комисија | Избори 2020 година |
| **5. 12 - Нови правилници соглсно Законот за техничките барањана производите и оцена на сообразност** | Изготвени | Се чека објавување на Нов закон за техничките барања на производите и оцена на сообразност | |
| **6.Измена и дополнување на Законот за техничка инспекција** | Изготвен | Доставен во Собрание јануари 2020 година | Вратен од Собрание на доработка |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Мерки/активности (од Годишниот план за работа) кои биле планирани, а не биле спроведени | Образложение за причините поради кои мерките/активностите не биле спроведени | Оценка за влијанието врз постигнувањето на резултатите и целите на програмата/потпрограмата | Препорака за мерките кои треба да се преземат во наредниот циклус на планирање за да се обезбеди постигнување на резултатите и целите на програмата/потпрограмата |

4. КРЕИРАЊЕ НА ЕФЕКТИВНА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

<table>
<tr><td rowspan="1">Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:<br><br>Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:</td><td colspan="2">Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2020 година развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните и алинеја 2: Република Северна Македонија членка на НАТО и Европската унија,стратешките цели: спроведување на макроекономска политика насочена кон задржување на макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата и зголемување на вработеноста; развивање на ефективна трговска политика, започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.<br><br>Развивање на ефективна трговска политика<br><br>Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава<br><br>Јакнење на позицијата на Република Северна Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и јакнење на соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план<br><br>Олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување на Договори за слободна трговија и договори за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги и идентификување и намалување на бариерите во трговијата во рамките на склучените договори.</td></tr>
<tr><td>Назив на програмата:<br><br>КРЕИРАЊЕ НА ЕФЕКТИВНА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА</td><td>Цел на програмата/потпрограмата:<br><br>Олеснување на прекуграничните економски активности и текови,</td><td>Одговорен:<br><br>Сектор за мѓународна трговска политика</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | **либерализација на трговијата и подобрување на пристапот на странските пазари** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Потпрограма 1: Надворешна трговска политика согласно правилата и обврските на Република Северна Македонија дефинирани со Протоколот за пристапување на РСМ во СТО и Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. **Усогласување со законодавството на ЕУ во Поглавјето 03 Право на основање и слобода на давање на услуги** | Директивата за услуги 32006L0123 е транспонирана во Закон за услуги (Службен весник на РСМ бр. 98/2019). | Со цел да се обезбеди слободата на давање на услуги во земјата за даватели на услуги од ЕЕП, во 2020 година продолжија активностите за усогласување на националното законодавство со директивата на ЕУ за услуги 32006L0123. Министерството за економија во текот на 2020 година, во соработка со номинираните лица од надлежните органи спроведе детална анализа на усогласеност на прописите со директивата/ законот. Како резултат на деталната анализа на усогласеност на националното законодавство со Директивата за услуги/Законот за услуги, се ревидираше Акцискиот план за усогласување со директивата/законот. Новиот ревидиран Акциски план се усвои од Владата на Република Северна Македонија во ноември 2020 година. Надлежните институции се задолжени да ги имплементираат мерките од Анекс 2 на Акцискиот план во предвидените рокови.<br><br>Како резултат на имплементацијата на Акцискиот план за усогласување со директивата | |

| | | | |
|---|---|---|---|
